# Српската колонизација на вардарска Македонија

Македонија со своите богатства и својата стратегиска положба на Балканскиот Полуостров отсекогаш привлекувала завојувачи од разни страни, кои за да си ја осигурат за себе македонската земја, од различни времиња колонизирале во неа свои етнички елементи, на кои се потпирале во текот на своите владееења. Токму на таквата колонизација што турските завојувачи ја правеле во Македонија уште од своето доаѓање, се должеше и нивното владеење во неа. И во времето кога другите балкански земји се беа ослободиле од турското ропство, турската власт населуваше во Македонија свои муслимански приврзаници кои беа побегнале од Босна. Таква колонизација се правеше меѓу Берлинскиот конгрес (1878) и Балканската војна (1912). Со колонизацијата на овие босански «торбеши», во нашиот народ познати како «мацири», турските власти имале за цел да го изменат етничкиот состав на населението во Македонија во своја корист, и се надевале дека, потпирајќи се на својот етнички елемент ќе си останат и понатаму господари на Македонија. Турските власти планирале да колонизираат во Македонија околу 200.000 мацири. За овие новодоселени во Македонија муслимани турските власти заграбувале селски утрини, а сопствениците на чифлиците ги гонеле своите чифлиции Македонци, откои што еден дел бил принуден да оди на печалба дури во прекуокеанските земји. По Балканските војни сите мацири од Македонија си отишле во Турција, а земјата на која што биле населени била дадена на новите колонисти Срби.

Македонските селани, коишто под турското владење главно биле чифлиции на турските чифлизи, со истерувањето на турската власт очекувале дека земјата на која со векови работеле, ќе им биде доделена во нивна сопственост. Но наместо да се остварат овие очекувања на македонските селани, и во трите дела на Македонија, новите поробители започнаа да спроведуваат систематска антимакедонска политика со истата цел: **однародување на македонскиот народ и негово претопување во господаречките нации во државата.** Како најснажно средство во однародувачката политика на трите нови господари на Македонија, беше колонизација на Македонија со немакедонски етнички елементи.

Во оваа наша статија ќе стане збор за колонизацијата на српскиот етнички елемент во Вардарска Македонија што ја вршеше српската власт во времето меѓу двете Големи светски војни. Во други прилики ке пишуваме и за колонизацијата на грчкиот етнички елемент во Егејска Македонија и на бугарскиот во Пиринска Македонија.

Српската власт уште на 20. II. 1914 година донесе законска уредба за населување во Маке-

прави првите подготовки за колонизација на Македонија.

На 25 февруари 1919 година владата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците донесеа нацрт на аграрна реформа, кого го нарече «Претходни одредби за подготовка на аграрната реформа». Поточни одредби за колонизацијата на «Јужните краишта» беше донесена на 24 септември 1920 г. Со оваа одредба и со Законот за населување на «јужните краишта» од 1931 година српската власт ја одземаше земјата од македонските селани, кои ја обработувале од векови и ја даваше на колонисти Срби.

За времето на турското владеење во Македонија огромни површини земја не беше обработувана и служеше како утрини, на кои македонските селани ги пасеа своите стада. Овие утрини беа сопственост на турската држава или на општините, по изгонувањето на турската власт новата српска власт ги сметаше за «празна» или «ничија» земја т. е. за сопственост на српската држава.

Српската држава стана и сопственик на напуштените чифлизи и други имоти кои ги беа оставиле Турците при нивното бегање во Турција. Утрините и оставените и напуштени од Турците чифлизи и имоти српската власт ги стави во таканаречениот аграрен фонд — тоа беше земјата која што српската власт со спроведувањето на аграрната реформа требеше да ја раздели. Вкупната површина на оваа земја изнесуваше 153 165 хектари, но во оваа површина не влегуваше само таканаречената «празна земја» ами за аграрниот фонд им беа одземени нивите на македонските селани кои беа нивна сопственост но кои не можеа сопственост да ја документираат со исправни документи. Во многу македонски села, на кои српската власт беше фрлила око да доведе колонисти Срби, им ги одземаше на македонските селани тапиите или расписките од купените порано од Турците ниви и ги прогласуваше за неисправни. На овој начин на стотици македонски селани им беа одземени најплодните ниви за да бидат дадени на колонисти Срби.

Половината од земјата на аграрниот фонд им беше дадена на колонистите Срби, а тоа беше најплодната земја, другата половина им беше разделена на македонските селани. При тоа едно семејство од српските колонисти просечно доби 8 хектари плодна земја, додека оние македонски селани што добија земја од аграрниот фонд просечно добија по 2,5 хектари, најчесто неплодна земја.

Колонизацијата на Срби во Македонија поча на уште во 1919 година. Таа година во Кумановско пристигнаа првите колонисти [illegible] семејства. Така се создадоа српски колонисти во селата Табановци, Матејче и др. Само во текот на таа го

толскиот округ беа опфатени од колонизацијата во 1920 година. Во Тиквешијата колонизацијата ги опфати и двете страни на реката Вардар, што беа населувани најплодиите земјишта погодни за секакви земјоделски култури. Од левата страна на реката Вардар беа колонизирани селата: Цидимирци, Пепелиште, Војшани, а подоцна во 1929 година и с. Бистреница. Од десната страна на Вардар беа создадени српски колонии во селата: Росоман, Рибарци, Манастирци, Трстеник, Шивец и Возарци, а понајуг беа создадени колониите: Курија, Сопот, Марена, Глишиќ, Кавадарци, Неготино, Темјаник, Тремник, Прждево и др.

Во Битолскиот округ српски колонисти беа населени во селата: Заполжани, Големо Коњари, Беровице, Боротино, Лагово. Во овој округ беа основани наполно нови села со српски колонисти: Караѓоргево, Александрово, Ново Лагово, Милошево. Исто така Срби се населија во селата: Оризари, Жабјани, Логоварди, Новаци, Рибарци, Кравари, Бистрица, Породин, Гермијан и др.

Во Гевгелиско српски колонии се наоѓаа во селата: Горничет, Караѓрѓево, Негорци, Сретеново, Никулич и др.

Во Брегалничката област колониите беа создадени повеќе на Овче Поле и тоа: Ерџелија, Кадрифаково, Нова Батања (сосема нова колонија), Мустафино, Врсаково, Криви Дол и др.

Српски колонии беа создадени и во градовите и околината на Струмица, Радовиш, Свети Николе и Кочани.

До 1940 година во Вардарска Македонија беа создадени 280 српски колонии со вкупно 4 167 српски семејства.

Политиката на денационализација и асимилација на македонскиот народ во Вардарска Македонија беше планирана од највисоките големосрпски кругови на чело со кралот и претседателот на владата Никола Пашиќ. Големосрбите се натпреваруваа кој да даде што подобра рецепта за што побрзу посрбување на Македонците. Така, командантот на Вардарската дивизиска област, полковникот Љуб. Н. Барјактаровиќ, предлагаше во секое македонско село да се дадат по неколку «сигурни семејства» од Србија, по примерот на Австријанците во Банат, кои ја уништувале српската народност. Доселувањето на Срби во Македонија било «национална мисија» со која Македонија требе да се србизира. Понатаму, во тој предлог се предвидуваше целосно иселување на градовите Штип и Велес.

Колонистите што српската власт ги насели во Македонија сите беа големосрпски шовинисти или како тоа што српскиот режим ги викаше «национални работници», тоа беа бивши жандарми, солунци, доброволци и четници. Овие колонисти требеа да бидат столбот на кој режимот требеше да се потпира. Колонистите беа експоненти на српскиот окупаторски режим и слуги на околиститe началници и жандарми, поради кое македонските селани ги мразеа овие српски

Неправдите направени на македонскиот н
род со колонизацијата на 4 167 српски семејст
требеа да бидат исправени од новата «народн
и «македонска» власт после таканареченото «о
лободување» во 1944 година. Македонските сел
ни кои зедоа масовно учество во Народноослоб
дителната борба очекуваа дека новиот режи
ќе ги исправи историските неправди направен
од големосрпскиот окупаторски режим со т
што нема да дозволи српските колонисти пак д
се вратат во Македонија. Македонските селан
очекуваа земјата која со голема неправда
бивша Југославија им беше дадена на српски
колонисти дека сега ке им биде разделена н
нив. Во времето кога се создаде Македонска
Република како национална држава на мак
донскиот народ македонските селани не може
ни да си помислат дека таа национална мак
донска држава ќе дозволи српските колонист
да се вратат во Македонија. Меѓутоа, тие се вра
тија по волјата на новите властници во Белгра
и при курвинско молчење на србоманите од т
пот на Колишевски кои беа поставени од Бел
град на челото на младата Македонска Републи
ка. Од овој повраток на српските колонисти
Македонија македонските селани разбраа дека
во оваа втора Југославија управуваат Срби
Белград и дека така нареченото «ослободувањ
на Македонија е само едно мижи да те лажа
Од 4.167 српски семејства кои што беа населен
во Македонија меѓу двете Големи светски вој
во текот на 1945 година се вратија назад во Ма
кедонија 2 982 српски семејства, кои и ден ден
си седат во Македонија. Сојузната комисиј
која требеше да направи ревизија на колониза
цијата во Македонија дојде до констатација де
ка во повеќето случаи «српските колонисти би
ле примерни земјоделци, кои уредно ја обраб
тувале земјата, и се разбира, сегашните домо
родци сакаат ваквите колонисти да се вратат
заедно да продолжат да живеат . . .».

Додека бивша Југославија на колонизацијат
на српскиот етнички елемент во Македонија
даваше национална мисија преку која македон
скиот народ требеше да биде денационализира
и асимилиран, сега новата Југославија поновна
та колонизација на српскиот етнички елемен
го спроведуваше под маската на «братството
единството» на народите на Југославија. Во име
то на ова лажно братство и единство голем бро
македонски селани пак си останаа без земја.
новата Југославија немаше многу доверба в
Македонците, затоа таа ги врати српските коло
нисти во Македонија за да бидат нејзини опо
ришта и шпионски гнезда. Македонскиот наро
немаше ни право да протестира против оваа но
ва голема неправда зошто секој кој негодуваш
отворено беше прогласуван за македонски шо
винисти и за непријател на «братството и един
ството». Ова нешто најдобро го испита на својо
грб чесниот претседател на Народното Собрани
на Македонија Методија Андоновски — Ченто
кој со сета своја енергија на смел и непродаде

12 години робија и по излегувањето од робија умре од страдањата кои ги поднесуваше во Титовата зандана Идризово.

Но Титова Југославија не водеше само сметка во Македонија да има што повеќе Срби, ами таа водеше и сметка во Македонија да има што помаку Македонци. За таа цел во 1945 и 1946 година 1 678 сиромашни македонски семејства, со вкупно 10 325 члена, добија земја во Војводина, каде и што се населија. Денес, 30 години од нивното населување во Војводина, нивните деца преку српските училишта и со склучување бракови со српскиот етнички елемент наполно се србизираа. Зар немаше да биде поправедно на овие сиромашни Македонци кои отидоа по земја во Војводина ако им беше доделена земја во родна Македонија, меѓу својот македонски народ? Зошто Срби беа доведувани во Македонија а Македонци водени во Србија? Зар немаше да биде подобро и за самите српски колонисти кои се вратија во Македонија ако се населеа среде своите Срби во Војводина? Поробените народи се ослободуваат за да станат господари на својата земја. Македонскиот народ во Вардарска Македонија беше «ослободен» само на зборови а не на дело, нешто кое многу лесно се гледа од фактот што тој не стана господар на својата земја. Туѓинци пак станаа господари на неговата родна македонска земја. Титова Југославија стана истребувач на Македонците од Вардарска Македонија особено кога таа изгони во прекуокеанските земји околу сто илјади македонски селани и други Македонци. Ова југословенско злосторништво не требе да го заборави ниту еден македонски патриот

**Костручански**